утрински Весник
Број 1720 понеделник, 16 октомври 2006





Печатено Издание

Powered by nextsense webBuilder

nextsense HOSTING SOLUTIONS
hosting partner On!
Кога ти треба ИНТЕРНЕТ

24 часа on line
TeleKabel
EXPLORINGMACEDONIA.COM NATIONAL TOURISM PORTAL
ЖИВО НАСЛЕДСТВО македонија www.zivonasledstvo.org.mk
СЕ БУДИТЕ НЕНАСПАНИ?
АЛКАЛОИД а.д.
WebSearch Results
граѓански СВЕТ во Македонија
Antenna 5.FM

КУЛТУРА

### Се подготвува изложба на дела на Димитар Андонов Папрадишки

# Сопствениците не сакаат да ги зајмуваат делата за презентација

**На изложбата прв пат ќе биде презентиран и сликарскиот прибор на ПапрадиШки, зачуван до денес во картонска кутија**


"Пејзаж"

Катерина Богоева

Во Националната уметничка галерија на Македонија привршуваат подготовките за презентација на творештвото на зографот и сликар Димитар Андонов Папрадишки, на изложба што треба да биде отворена на крајот на март. На обработката на авторовиот фрескоживописот и иконографија работи Славица Алексоска, виш кустос во галеријата, додека обработката и презентацијата на профаното сликарско творештво е на ликовниот критичар проф. д-р Владимир Величковски. Публиката ќе има можност во оваа прилика да види седумдесеттина дела од богатото творештво на авторот, кој во својот долг животен и работен век, оставил исклучително вреден опус како зограф, работејќи живопис и иконопис во голем број црковни објекти во Македонија и надвор од неа, но и профано сликарство, отварајќи ја со своето име првата страница во историјата на македонската ликовна уметност.

На изложбата за прв пат ќе биде презентиран и сликарскиот прибор на Папрадишки, сочуван до денес во картонска кутија во Националната галерија на Македонија што го сочинуваат 120 четки, камења за толчење бои, метро, специјални ножеви. Приборот е на конзервација во Конзерваторскиот центар во Прилеп а на конзерваторски третман во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и во Националната уметничка галерија се конзервираат собраните дела од институциите но и од семејствата кои ги имаат во приватна сопственост."Не сме задоволни од одзивот на семејствата во нашите напори да собереме и да изложиме што повеќе дела на Папрадишки. Поголем дел од десетте семејства за кои знаеме дека поседуваат негови слики не сакаат да ги дадат ниту за фотографирање, ниту пак да ги позајмат за изложбата. Досега ни излегоа во пресрет некој од сопствениците Никифор Смилевски, Зое Личеновска, Ратка Камчева, Димитар Мангутов, внук на Папрадишки, кој ни помага во прибирањето на делата, а соработка ни вети и Благоја Механџиски, сопственикот на веледрогеријата Зегин" - вели Славица Алексоска , потенцирајќи ја соработката со Полошко - кумановската митрополија и Скопската православна епархија, во овозможување на непречен пристап до авторовите фрески и икони што се наоѓаат во црковните објекти на нивна територија. На изложбата ќе бидат презентирани дела од колекциите на Музејот на град Скопје, Националната уметничка галерија, а во каталогот ќе бидат поместени и фотографии од авторовиот фрескоживопис.

Димитар Андонов Папрадишки (1859- 1954) е роден во Папрадиште, велешко село, во семејство кое потекнува од Малореканското село Тресонче, семејство на зографи, ѕидари, каменоресци и резбари, а и самиот од 18 годишна возраст заедно со неговиот татко работел во цркви во Гевгелиско и Дојранско. На дваесет годишна возраст почнал и самостојно да работи живопис во црквите Св Атанасие во Теово и икони во црквите Св Петка и Успение на Св Богородица во село Ореше и Св Никола во село Владилавци. Папрадишки , по препорака на Рускиот конзул кој го забележал неговиот талент, три години, почнувајќи од 1884 се образувал на Киевската иконографска школа, учејќи иконографија кај професорот Вишњевски, престој што отворил можности да се запознае со профаното сликарство но и самиот да почне да слика теми со профана содржина. Во 1887 година со свое дело, икона Вознесение Христово, учествува на конкурсната изложба на Духовната академија во Москва каде бил примен на редовно школување со стипендија, но и награден со 1000 рубљи и сребрен медал, но за жал, по познатиот грабеж во Папрадиште се враќа дома да му помогне на семејството, и засекогаш прекинува со студиите. Фрекоживописувал и сликал икони во Македонија и надвор од неа, како што стои во неговата биографија, од Јадранското до Црното море. Заедно со тајфата на зографот Петар Николов во 1887 година го работел живописот во манастирската црква Св Јоаким Осоговски, а работел и во Софија, сликајќи портрети на видни личности. Во тој период патува во Москва и во Дрезден, запознавајќи се со религиозното и профаното сликарство, носејќи со себе и свои дела. Тоа е период и на

приклучување на Папрадишки кон  национално - ослободителното движење, за во почетокот на новиот век да ја напушти револуционерната, и да започне со културно - просветна борба. Во 1919 година со семејството се преселил во Скопје, каде продолжил со својата зографска дејност во скопските цркви но и со сликање на портрети и од воената и цивилната турска власт. Неговото ателје било сместено во Старата скопска чаршија, во кое што доаѓале неговите идни ученици Лазар Личеченовски, Никола Мартиноски, Томо Владимирски и други со кои, во 1937 година, по формирањето на скопското  Друштво на пријателите на уметноста "Јефимија"  учествувал  на јубилејната изложба на слики и скулптури во Скопје,  со 6 маслени слики. Во организација на "Јефимија" во 1939 и 1940 година ќе бидат организирани  уште две изложби, на кои освен споменатите сликари ќе учествуваат и Василие Поповиќ - Цицо, Љубомир Белогаски и Вангел Коџоман.
Димитар Андонов Папрадишки во 1940 година е награден од страна на  Градскиот совет на скопската општина со награда  за сликарство со што му е дадено јавно признание за неговата плодна работа на полето на  ликовната уметност. Лазар Личеноски еден од учениците на последниот зограф но и прв македонски сликар, во својата рецензија по повод доделувањето на  наградата ќе забележи: "Надарен со природна интелегенција, со ведар  дух и сликарски талент, мајсторот Димитар  го проведе целиот свој век во работење,работа што не е многу доходна, која нарочито во средината каде  што работи, не може да му донесе богатство. Тој ја избра оваа работа, носен од идеалот да се изрази како уметник". Папрадишки умира на 95 годишна возраст, работејќи како што се вели, до последен ден.

КЛИКНЕТЕ ОВДЕ

абер
www.aber.net.mk

XML

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани